ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 11-366/1
19.12 2025 год.
ШТИП

Декември 2025

# ГОДИШЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2026 ГОДИНА

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021 – 2026

ИСТОЧЕН РЕГИОН

Врз основа на член 10 став 3, член 14 став 1, член 22 став 1 алинеа 3 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21, 174/21 и 241/2024) и член 2 став 1 алинеа 3 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион бр. 02-206/1 од 29.06.2021 година, а во врска со член 30 став 1 алинеа 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21, 174/21 и 241/2024), Советот за развој на Источен плански регион на ден 18.12.2025 година во општина Штип, го донесе следниот

**ГОДИШЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2026 ГОДИНА**

За спроведување на Програмата за развој на
Источен плански регион
2021-2026




Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026 година во 2026 година ги содржи сите неопходни оперативни чекори за имплементација на целите и приоритетите како и финансиската рамка која треба да биде покриена од буџетските средства на Владата на Република Северна Македонија (Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој) наменети за рамномерен регионален развој, средства од Програмите на линиските министерства за регионален развој, средства од претпристапни фондови на Европската Унија како и средства од различни програми и донатори.

СОДРЖИНА

*I НАРАТИВЕН ДЕЛ*

1. Вовед
2. Стратешки цели, приоритети, мерки и индикатори за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион во 2026 година;
3. Надлежна институција за спроведување на мерките за регионален развој;
4. Индикативни извори на финансирање на регионалниот развој;
5. Акционен план за 2026 година за спроведување на Програмата за регионален развој на Источниот плански регион 2021-2026 година

*II ТАБЕЛАРЕН ДЕЛ*

*III ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

# Вовед

Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21, 174/21 и 241/24) заедно со регулативата во неколку други сектори ја сочинуваат основата на идниот развој на Република Северна Македонија. Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за периодот 2021-2031 е првиот документ на кој се основа планот за интервенции во поддршката на регионалниот развој во Република Северна Македонија.

Врз основа на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026, овој **Акционен план** ги претставува приоритетите за развој на Источниот плански регион во 2026 година.

Целта на овој план е да овозможи транспарентност во претставувањето на развојниот пристап и политика, да ја информира општата јавност во Источниот плански регион и пошироко за главните прашања во развој на регионот во 2026 година и да овозможи координирање на активностите на различните заинтересирани страни на централно, регионално и локално ниво за регионалниот развој на Источниот плански регион.

**Правната рамка за Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион во 2026 година е** Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21, 174/21 и 241/2024) кој го дефинира Акциониот план како спроведбен документ, кој служи за операционализација и спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион и овозможува целосен преглед на структурата на сите мерки, односно нивна разработка и преглед на сите активности и проекти за период од една година, во истиот се утврдени и носителите и финансиските средства за реализација на истите. Основата за подготовка на Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026 е утврдена во член 22 од Законот за рамномерен регионален развој, кој предвидува **донесување на Годишен Акционен план** за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион од страна на Советот за развој на планскиот регион. Членот 30 од истиот закон предвидува Центарот за развој на планскиот регион да го изработи **акциониот план** за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион.

**Содржина на Акциониот план** за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион, дефинира:

- Стратешки цели, приоритети и мерки за спроведување на приоритетите на регионалниот развој;
- Индикатори за следење на спроведување на мерките на регионалниот развој;
- Надлежна институција за спроведување на мерките на регионалниот развој;
- Индикативна финансиска табела за висина на трошоците и извори на финансирање на регионалниот развој.

**Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион за 2026 година** е претставен преку табеларен приказ кој ги следи стратешките цели и приоритети на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 и дава преглед на **мерките и активностите** кои ги планира Центарот за развој на Источниот плански регион за остварување на **стратешките цели** предвидени со Програмата, како и соодветните **индикатори за изведба.** Исто така, Акциониот план ја содржи и планираната **временска рамка** за спроведување на активностите во текот на 2026 година, како и **индикативните** потребни ресурси и **финансиски средства** за имплементација на активностите, вклучувајќи ги и **можните извори за финансирање** и **носителите** на активностите. Потребните ресурси и финансиски средства, како и изворите на финансирање и одговорните за реализација на активностите кои се вклучени во Акциониот план се само проценка за потребите на планирањето. Вистински потребните ресурси и финансиските средства ќе се одредат во процесот на изработката на проектните апликации и во процесот на спроведување на тендерските документации за имплементација на проектите, кога ќе се располага со повеќе информации.

# Стратешки цели, приоритети, мерки и индикатори за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 во 2026 година

***Визијата за регионалниот развој на Источниот плански регион*** упатува на крајната цел што треба да се постигне.

***Визијата е:*** Источен плански регион е конкурентна и динамична средина во која се искористуваат потенцијалите, развиваат квалитетни човечки ресурси, се води грижа за одржливиот развој со задоволни и среќни луѓе.

Врз основа на дефинираната Визија, како и стратегиската политика за регионален развој на Источниот плански регион, произлезена од анализата на SWOT факторите - **поддршка на можностите за развој на регионот и надминување на слабите страни** - се дадени стратешките цели за развој на Источниот плански регион со главните приоритети во периодот **2021-2026** година.

Стратешките цели и главни приоритети преку кои ќе се придонесе за спроведување на визијата се прикажани во **Табела бр. 1**.

Реализирањето на овие цели, може да се случи единствено преку партнерство помеѓу сите заинтересирани страни за регионалниот развој, како и со фокусирани активности врз основа на ресурсите во регионот, надворешните инвестиции и привлекувањето на средства од национални и меѓународни програми и фондови.

Табела 1

| | Стратешки цели | Приоритети |
|---|---|---|
| 1. | Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот | 1.1. Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност |
| | | 1.2. Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија |
| | | 1.3. Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето |
| | | 1.4. Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата |
| | | 1.5. Постигнување на поголема продуктивност и конкурентност на работната сила преку унапредување на нејзините вештини и компетенции |
| 2. | Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги | 2.1. Зајакнување на капацитетите за образование и социјална заштита |
| | | 2.2. Создавање услови за квалитетно образование |
| | | 2.3. Зголемување на социјалната инклузија на сите ранливи категории |
| | | 2.4. Подобрување на условите во здравствените установи во регионот |
| 3. | Одржливо управување со животната средина и природните ресурси | 3.1. Интегриран систем за управување со отпадот и промоција на циркуларна економија |
| | | 3.2. Управување со заштитени подрачја и заштита на биодиверзитетот |
| | | 3.3. Заштита на воздухот, водата и почвата |
| | | 3.4. Справување со последиците од климатските промени |
| | | 3.5. Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) |
| 4 | Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини | 4.1. Зголемување на производствени капацитети преку воведување на нови технологии и практики за подобрување на конкурентноста на земјоделското производство |
| | | 4.2. Воспоставување на агро-индустриска зона за Источниот регион |
| | | 4.3. Промоција на родова еднаквост и диверзифицирање на економските активности во руралните средини |
| | | 4.4. Подобрување на квалитетот на живот во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачја во фаза на сериозна депопулација |
| 5 | Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација | 5.1. Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот |
| | | 5.2. Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот |
| | | 5.3. Создавање и промоција на интегрирана регионална туристичка понуда |

1. **Надлежна институција за спроведување на мерките на регионален развој**

**Носителите на политиката** за поттикнување на рамномерен регионален развој како и улогата и одговорностите на различните учесници во процесот на планирањето и спроведувањето на Програмата за развој на Источниот плански регион, се дефинирани согласно Законот за рамномерен регионален развој:

- **Владата на Република Северна Македонија**;
- **Советот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија**;
- **Министерството за локална самоуправа; и**
- **Советот за развој на Источен плански регион.**

Во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат:

- **Бирото за регионален развој;**
- **Центарот за развој на Источен плански регион и**
- **Единиците на локалните самоуправи** во состав на Источен плански регион: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип.

**Советот за развој на Источен плански регион** е тело за усогласување и спроведување на развојната политика на планскиот регион преку креирање на планските документи за развој на регионот, координација на носителите на развојот во регионот, како и промовирање на прекуграничната соработка со региони од други држави.

**Центарот за развој на Источен плански регион** има улога на **оперативно тело** чија основна функција е подготовка и реализација на планските документи за развој на Источен плански регион. Центрите за развој на планските региони за својата работа одговараат пред Советите за развој на планските региони.

**Единиците на локалната самоуправа**: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново - Облешево и Штип заеднички учествуваат во подготовката и имплементацијата на регионалните проекти, но истовремено подготвуваат и спроведуваат проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата кои се наоѓаат на нивна територија.

Со цел максимално да се користат расположливите финансиски ресурси за регионален развој, сите надлежни институции за спроведување на мерките за регионален развој треба да остварат висока меѓусебна координација и взаемна соработка при креирањето и реализацијата на проектите од значење за регионот.

Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион за 2025 година ја претставува првата рамка за воспоставување и развој на системот за поддршка на регионалниот развој во Источниот плански регион и основа за соработка со линиските министерства, донаторите и другите чинители заинтересирани за вклучување во процесот на реализација на

стратешките цели предвидени со Програмата за развој на Источен плански регион 2021 - 2026 година.

## Индикативни извори на финансирање на регионалниот развој

Согласно Членот 35 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21, 174/21 и 241/2024), како извори на финансирање на регионалниот развој се јавуваат:

1. Буџетот на Република Северна Македонија;
2. Буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
3. Фондовите на Европската Унија;
4. Други меѓународни извори;
5. Донации и спонзорства од физички и правни лица и
6. Други средства утврдени со закон.

Во членот 36 од истиот закон се дефинирани следните инструменти за поттикнување на регионалниот развој: капитални влогови; неповратни грантови; финансирање и ко-финансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови; финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Северна Македонија; како и државна помош во вид на заеми под поволни услови; гаранции за заеми; осигурување на кредити; даночни олеснувања; субвенции, лизинг; и други инструменти согласно закон.

Со Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеност за период 2024-2028 година („Службен Весник на РСМ“ бр. 262/2024) со која планските региони се класифицирани врз основа на Одлуката за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони, Источниот плански регион се наоѓа на **трето место по развиеност** од планските региони. Предвидено е **Источниот плански регион** да добива **14,3%** од **вкупните расположливи средства** кои, на **годишно ниво**, ќе се издвојат од **Буџетот на Република Северна Македонија**.

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Северна Македонија кои се преземаат за реализација на стратешките приоритети. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на РСМ. Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од Светска Банка и други меѓународни финансиски институции. Утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање. Со фискалната политика утврдена во Буџетот за 2026 година ќе се обезбеди имплементација на Програмите за регионален развој за 2026 година, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

## Акционен план за 2026 година за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 година

Акциониот план за 2026 година е основа за следење на имплементацијата на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 година и основа за мерење на перформансите на Центарот за развој на Источен плански регион во реализацијата на проектните активности.

Во табела број 2 се дадени потребните финансиски средства за реализација на планираните активности (проекти) во 2026 година, групирани според стратешките цели и приоритети дадени во Програмата за развој, додека во табеларниот дел од планот детално се прикажани сите планирани проектни активности (проекти) по програми, индикаторите, временската рамка, буџетот и носителите на активностите.

**Табела бр. 2**

| | Приоритет 1 | Приоритет 2 | Приоритет 3 | Приоритет 4 | Приоритет 5 | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СЦ 1 | 940.000,00 | 430.000,00 | | 38.052.680,00 | | **39.422.680,00** |
| СЦ 2 | 1.280.000,00 | 44.323.871,00 | | 34.950.000,00 | | **80.553.871,00** |
| СЦ 3 | 189.950.000,00 | 160.000,00 | 3.922.493,00 | 6.950.000,00 | 10.692.000,00 | **211.074.493,00** |
| СЦ 4 | 60.000,00 | | 20.124.000,00 | 6.000.000,00 | | **26.184.000,00** |
| СЦ 5 | 2.270.873,00 | 19.555.560,00 | 2.109.000,00 | | | **23.935.433,00** |
| | | | | | **Вкупно:** | **381.170.477,00** |

**С.Ц. 1. Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот**

**Приоритет 1.1. Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност**

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ МКД | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.3. | Подобрување на инвестициската клима и овозможување на погодности за домашни инвеститори | Подготовка на регионална стратегија за развој на конкурентна и иновативна регионална економија со акциски план MAGNET (Interreg Europe) | Изработена стратегија за ИПР | 2026-2027 | 940.000,00 | ЦРИПР |

**Приоритет 1.2: Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија**

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ МКД | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.1 | Воведување на нови технологии и иновации во претпријатијата | Јакнење на капацитетите и размена на искуства на засегнатите страни за привлекување и задржување на таленти и инвестиции MAGNET (Interreg Europe) | Одржани настани за вмрежување со засегнати страни | 2026 | 370.000,00 | ЦРИПР |
| 1.2.2. | Зајакнување на капацитетот на претпријатијата за пристап до фондовите за подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал | Подготовка на апликации за повиците на ФИТР и др. извори на финансирање (АППРСМ, АФПЗРР, итн.) | Подготвени и аплицирани предлог-проекти | 2026 | 60.000,00 | ЦРИПР, општините од ИПР, Стопанска комора, Организации за поддршка на претпријатија |

**Приоритет 1.4 Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата**

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ МКД | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4.1. | Изработка на студии, просторно - урбанистичка и техничка документација | Изработка на техничка документација за регионален центар за трансфер на технологија и поддршка на претприемништвото во Источен плански регион | Изработена комплетна техничка документација | 2026 | 2.400.000,00 | ЦРИПР, УГД |
| 1.4.1. | Изработка на студии, просторно - урбанистичка и техничка документација | Изработка на комплетна техничка документација за изградба и / или реконструкција и адаптација на домови за стари лица во Источен плански регион | Изработена техничка документаија за домови за стари лица | 2026 | 3.000.000,00 | ЦРИПР, општините од ИПР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4.1. | Изработка на студии, просторно - урбанистичка и техничка документација | Ревизија, ажурирање и дополнување на постојната физибилити студија за Ски центар на Царев Врв со идеен проект | Ажурирана студија, изработен идеен проект и подготвен мастер план | 2026 | 9.000.000,00 | ЦРИПР, МЗШВ |
| 1.4.3. | Подобрување и осовременување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура | Воспоставување на инфраструктура за изградба на регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион | Изработена физибилити студија Изработен Урбанистички проект и комплетна техничка документација | 2026 | 2.500.000,00 | ЦРИПР, општините во состав на ИПР, МЛС, БРР |
| 1.4.1. | Изработка на студии, просторно - урбанистичка и техничка документација | АФПЗРР мерка 322 - Обнова и развој на селата | Изработена урбанистичко планска документација | 2026-2027 | 15.000.000,00 | ЦРИПР, АФПЗРР, општините во состав на ИПР |
| 1.4.7. | Заштита од елементарни непогоди | Набавка на опрема за територијалните противпожарни единици за превенција и заштита од шумски пожари во ИПР | Набавена опрема | 2026 | 6.152.680,00 | ЦРИПР, општините во состав на ИПР, МЛС, БРР |
| | | | | **Вкупно СЦ1:** | ***39.422.680,00*** | |

**С.Ц.2. Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги**

**Приоритет 2.1: Зајакнување на капацитетите за образование и социјална заштита**

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ МКД | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.2. | Подготовка на регионален и општински социјални планови | Изработка на регионална анализа за подобрување на социјалната, физичката и менталната благосостојба и здравје на старите лица ActAge (Interreg Europe) | Изработена анализа | 2026 | 940.000,00 | ЦРИПР |
| 2.1.3. | Зајакнување на капацитетите на вработените во општините за развој на образованието и социјалната заштита; | Зајакнување на капацитетите и размена на искуства за подобрување на здравјето и благосостојбата на старите лица ActAge (Interreg Europe) | Одржани настани за размена на искуства | 2026-2027 | 340.000,00 | ЦРИПР |

| Приоритет 2.2: Создавање услови за квалитетно образование | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 2.2.3. | Подобрување на условите и квалитетот на образованието | Подобрување на условите во образовниот процес преку воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ | Реконструирани 4 образовни објекти | 2026 | 41.573.871,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, општините Берово, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пробиштип и Пехчево |
| 2.2.3. | Подобрување на условите и квалитетот на образованието | Подобрување на образовните услови и креирање на навики за заштита на животната средина на учениците од основните училишта во подрачјата со специфични развојни потреби во Источен плански регион | Набавени интерактивни табли и садови за селекција на отпад за основните училишта во подрачјата со специфични развојни потреби во Источен плански регион | 2026 | 2.750.000,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, општините во состав на ИПР |
| **Приоритет 2.4: Подобрување на условите во здравствените установи во регионот** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 2.4.1 | Подобрување на условите во здравствените установи во регионот | Развивање и спроведување на нискобуџетни, партиципативни, неинвестициски пилот-акции и транснационална стратегија за климатско здравје што ја зајакнува соработката меѓу општините и јавните здравствени установи | Подобрена здравствена отпорност на ранливите групи, подобра прекугранична координација и интеграција на адаптацијата базирана на здравјето во локални и регионални рамки за планирање | 2026-2028 | 18.450.000,00 | ЦРИПР, Клиничка Болница Штип |
| 2.4.5. | Воспоставување на инфраструктура и услуги за згрижување на кучиња скитници | Изградба на регионален стационари за згрижување на кучиња скитници | Изграден, опремен и ставен во функција регионален стационар за згрижување на кучиња скитници | 2026-2027 | 16.500.000,00 | ЦРИПР, МЛС, БРР, општините во состав на ИПР |
| | | | | **Вкупно СЦ 2:** | ***80.553.871,00*** | |

**С.Ц.3. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси**

**Приоритет 3.1. Интегриран систем за управување со отпадот и промоција на циркуларна економија**

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ МКД | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.1. | Воспоставување на регионално управување со отпадот | Затворање на диви депонии во ИПР | Затворени 8 диви депонии во Источен плански регион | 2026 | 25.000.000,00 | МЖСПП, ОФСД, Општини, ЦРИПР, |
| 3.1.1. | Воспоставување на регионално управување со отпадот | Изградба на инфраструктура и инсталации за управување со отпад во Источен и Североисточен плански регион | Спроведена постапка за јавна набавка, Избран изведувач, надзорен орган, започнати градежни активности | 2026-2029 | 153.750.000,00 | Општини, ЦРИПР, МЖСПП |
| 3.1.1. | Воспоставување на регионално управување со отпадот | Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во регионот | Набавено 1 возило за собирање на смет и 1 возило за одржување на јавна хигиена | 2026 | 10.600.000,00 | ЦРИПР, Општина Чешиново-Облешево и Општина Штип |

**Приоритет 3.2.: Управување со заштитени подрачја и заштита на биодиверзитетот**

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ МКД | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.5. | Подигнување на свеста и обука за вредноста на заштитени подрачја и биодиверзитетот | Организација на камп за млади со обука за зачувување на животната средина и ориентација во природа (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Организиран 2 дневен камп во Општина Пробиштип | 2026 | 160.000,00 | ЦРИПР, Општина Пробиштип, Општина Гоце Делчев, Општина Сандански |

**Приоритет 3.3. Заштита на воздухот, водата и почвата**

| Р. Б. | Мерка | Активности | Индикатори | Времетраење | Износ МКД | Носители на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.6. | Подигнување на свеста и обука за заштита на воздухот, водата и почвата | Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци – II фаза | Изградени краци оф канализациона мрежа | 2026 | 3.922.493,00 | ЦРИПР, Општина Чешиново-Облешево, МЛС - БРР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 3.4. Справување со последиците од климатските промени** | | | | | | |
| 3.4.2. | Подготовка на регионални и локални планови за ублажување на последиците од климатските промени | Изработка на регионална стратегија за зелена инфраструктура за Источен плански регион (EcoScape-Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Изработена прва регионална стратегија за зелена инфраструктура (2025 - 2035) | 2026-2027 | 400.000,00 | ЦРИПР, Општините во состав на ИПР, Општина Гоце Делчев (Р. Бугарија), МЛС, ЕУ |
| 3.4.2. | Подготовка на регионален и локални планови за ублажување на последиците од климатските промени | Изработка на електронска датабаза со дигитална мапа за зелени површини и улична вегетација (EcoScape – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Изработена датабаза и електронска мапа | 2026-2027 | 200.000,00 | ЦРИПР, Општина Штип, ЕУ, МЛС |
| 3.4.2. | Подготовка на регионален и локални планови за ублажување на последиците од климатските промени | Изработка на акционен план за Општина Штип за зелена инфраструктура за период 2025-2030 (EcoScape – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Изработен акционен план (2025 - 2030) | 2026 | 150.000,00 | ЦРИПР, Општина Штип, ЕУ, МЛС |
| 3.4.2. | Подготовка на регионален и локални планови за ублажување на последиците од климатските промени | Изработка на концепт „Штип – зелен град" (EcoScape – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Изработен концепт „Штип – зелен град“ | 2026 | 200.000,00 | ЦРИПР, Општина Штип, ЕУ, МЛС |
| 3.4.2. | Подготовка на регионален и локални планови за ублажување на последиците од климатските промени | Трансформирање на урбаните делови со зелена инфраструктура INTERREG VI-A IPA 2021-2027 | Нови зелени површини во регионот 1 хектар | 2026 | 6.000.000.00 | ЦРИПР, Општина Штип, ЕУ, МЛС |
| **Приоритет 3.5. Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ)** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 3.5.3. | Подигнување на свеста и обука за ЕЕ и ОИЕ | Подигнување на капацитетите за зелена инфраструктура и зелена транзиција (EcoScape – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Организирани работилници за претставници на јавни, образовни и невладини организации | 2026 | 180.000,00 | ЦРИПР |
| 3.5.3. | Подигнување на свеста и обука за ЕЕ и ОИЕ | Јавна кампања за зголемување на свесноста за зелена инфраструктура (EcoScape – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Спроведена јавна кампања | 2026 | 300.000,00 | ЦРИПР, општини во состав на ИПР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.5.3. | Подигнување на свеста и обука за ЕЕ и ОИЕ | Изработка на видео и аудио материјали за подигнување на свесноста за зелена инфраструктура (EcoScape – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Изработени видео и аудио материјали | 2026 | 200.000,00 | ЦРИПР |
| 3.5.4. | Поттикнување на иновативни модели за користење на ОИЕ | Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување и ЕЕ управување | Заменето улично осветлување во 2 општини | 2026 | 10.012.000,00 | ЦРИПР, Општина Виница, Општина Делчево |
| | | | **Вкупно СЦ 3:** | | ***211.074.493,00*** | |

| С.Ц.4. Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 4.1. Зголемување на производствени капацитети преку воведување на нови технологии и практики за подобрување на конкурентноста на земјоделското производство** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 4.1.5. | Зголемување на капацитетите за искористување на ИПАРД и националната програма за земјоделство и рурален развој; | Организирање на инфо денови за промоција на повиците објавени во рамки на ИПАРД програмата со фокус на мерки каде жените земјоделки имаат предност | Зајакнати капацитети на засегнатите лица | 2026 | 60.000,00 | ЦРИПР; Општини во ИПР; ЛАГ; Земјоделски здруженија; АППЗ |
| **Приоритет 4.3. Промоција на родова еднаквост и диверзифицирање на економските активности во руралните средини** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 4.3.3 | Зачувување и развивање на традициите, културата и занаетчиството во руралните средини | Идентификација на потенцијални регионални производи за здобивање на сертификат за заштитено географско потекло (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Подготвена листа на потенцијални производи | 2026 | 124.000,00 | ЦРИПР, ЕУ, МЛС |
| 4.3.3 | Зачувување и развивање на традициите, културата и занаетчиството во руралните средини | АФПЗРР мерка 321 - Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини | Реализиран 1 проект | 2026 | 20.000.000,00 | ЦРИПР, АФПЗРР, Општините во состав на ИПР |

| Приоритет 4.4. Подобрување на квалитетот на живот во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачја во фаза на сериозна депопулација | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 4.4.2. | Ревитализација и проширување на локалните патишта и пристапот до земјоделските површини | Изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион | Уредени земјоделски пристапни патишта | 2026 | 6.000.000,00 | ЦРИПР, МЗШВ, Општините во ИПР |
| | | | **Вкупно СЦ 4:** | | ***26.184.000,00*** | |

| **С.Ц.5. Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 5.1 Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот** | | | | | | |
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 5.1.1. | Изработка на стратешки документи за развој на туризмот | Подготовка на стратегија за визуелен идентитет на Источен плански регион (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Подготвен документ | 2025-2026 | 1.000.000,00 | ЦРИПР, ЕУ, МЛС |
| 5.1.1. | Изработка на стратешки документи за развој на туризмот | „Превентивни пристапи во конзервацијата на Европските културни наследства - Protech 2024" Interreg Europe | Зајакнати капацитети, изработени промотивни материјали и вмрежување | 2025-2029 | 1.120.873,00 | ЦРИПР |
| 5.1.2. | Едукација, обука и квалификација на човечките ресурси во туристичко - угостителскиот сектор | Јакнење на капацитетите на вработени во регионални МСП (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Одржани работилници | 2026 | 150.000,00 | ЦРИПР, Здружение Савремие, ЕУ, МЛС |

| Приоритет 5.2. Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Б.** | **Мерка** | **Активности** | **Индикатори** | **Времетраење** | **Износ МКД** | **Носители на активности** |
| 5.2.1. | Подобрување на квалитетот на постојната туристичка инфраструктура | Реконструкција на планинарски дом Црн Врв во Општина Пробиштип (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Реконструиран планинарски дома | 2025-2026 | 5.350.000,00 | ЦРИПР, Општина Пробиштип, ЕУ, МЛС |
| 5.2.1. | Подобрување на квалитетот на постојната туристичка инфраструктура | Воспоставување на енергетско-ефикасно осветлување на градскиот парк во општина Виница | Подобрено осветлување | 2026 | 5.005.560,00 | ЦРИПР, Општина Виница, МЛС, БРР |
| 5.2.2. | Изградба на нова туристичка инфраструктура | Воспоставување на рекреативен комплекс околу Езеро Градче во Општина Кочани (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Изградено рекреативно игралиште, уреден партер | 2026 | 8.800.000,00 | ЦРИПР |
| 5.2.6. | Мапирање, заштита и валоризација на природното и културното наследство | Мапирање и дигитализација на еко пешачко-велосипедски патеки на Осогово (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Изработена дигитална мапа, мапирана рута | 2026 | 400.000,00 | ЦРИПР |
| **Приоритет 5.3 Создавање и промоција на интегрирана регионална туристичка понуда** | | | | | | |
| 5.3.3. | Развивање на нови туристички атракции и искуства | Изработка на self-guided туристичка понуда за Источен плански регион (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Изработена понуда, поставени QR кодови, изработена платформа | 2026 | 1.085.000,00 | ЦРИПР, Општина Гоце Делчев, Општина Сандански |
| 5.3.3. | Развивање на нови туристички атракции и искуства | Идентификација на потенцијални микро дестинации за здобивање на Green label destination сертификат (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Подготвена листа на микро дестинации | 2025-2026 | 124.000,00 | ЦРИПР |
| 5.3.4. | Промоција на регионот како туристичка дестинација | Организација на фам тура со претставници на туристички оператори и агенции од Источен и Благоевград регион (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Организирана 3 дневна тура низ ИПР | 2025-2026 | 380.000,00 | ЦРИПР, општини во состав на ИПР, Општина Гоце Делчев, Општина Сандански |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.4. | Промоција на регионот како туристичка дестинација | Изработка на видео материјали за промоција на туристички потенцијали на Источен плански регион (SERENE – Interreg VI-A IPA CBC BG-MK) | Продуцирани видео материјали | 2025-2026 | 520.000,00 | ЦРИПР |
| | | | **Вкупно СЦ 5:** | ***23.935.433,00*** | | |

| | |
|---|---|
| **Вкупно (С.Ц. 1 - С.Ц.5)** | ***381.170.477,00*** |

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој годишен Акционен план за 2026 година за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026, влегува во сила со денот на неговото донесување.

Декември 2025 година

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател
Тони Тоневски